CORE
Metadata, citation and similar papers at core.ac.uk
Provided by UGD Academic Repository

# Приказ на случај на пациент со (транзиторна) кома заради транзиторна оклузија на a.basilaris

**Даниела Ристиќ, Ади Јакупи, Елена С. Јовева, Наталија Долненец-Банева**

## Апстракт

**Вовед:** Оклузија на a. basilaris е тешка и често фатална состојба. Клиничката слика се должи на лезија на ретикуларната формација во мозочното стебло, долгите пирамидни и сензитивни патишта, вегетативните центри, кранијалните нерви и малиот мозок.

**Приказ на случај:** Прикажуваме 46 годишен пациент со акутно настаната состојба на длабока кома, со немерлива артеријална тензија и без пулс. Коматозната состојба беше со клинички феномени на трункална етиологија: децеребрациски увртувања на екстремитетите, билатерални миотични зеници, централно поставени очни булбуси, билатерална пирамидна симптоматологија и централни респираторни пречки.
Пациентот повеќе години наназад боледувал од миокардиопатија со неколку субдекомпензациски епизоди. По 6-7 часа од почетокот на болеста настапи битно подобрување, за да во наредните 2-3 часа пациентот биде свесен, со феномен на ретроградна амнезија од еден ден. Во наредните денови се прати компензирана соматска состојба, а на невролошки план опстојуваа минорни феномени на билатерална атаксија, нистагмус и билатерални пирамидни знаци.
Беше реализирана компјутеризирана томографија на мозокот со наод на исхемична лезија лево церебеларно и клиничка суспекција за инфаркт во мозочно стебло (MRI на мозок не е изведена од технички причини)

**Заклучок:** Транзиторната коматозна состојба се објаснува со процесот на спонтана реканализација после оклузија на a. basilaris